

# СКОПЈЕ ФИЛМ ФЕСТИВАЛ КЛАСИК

## НЕДЕЛА НА ШПАНСКИ ФИЛМ

10-18 ноември, Кинотека

# ПРОГРАМА

Кон крајот на октомври 2009 година Кинотеката го започна првото вака организирано претставување на шпанската кинематографија. Ги прикажавме филмовите ОТВОРИ ГИ ОЧИТЕ на Алехандро Аменебар, КИКА на Педро Алмодовар, ПЕПЕРМИНТ ФРАПЕ на Карлос Саура, СМРТТА НА ВЕЛОСИПЕДИСТОТ на Хаун Антонио Бардем, ВИРИДИЈАНА на Буњуел, ЏЕЛАТ на Берланга и ПЧЕЛАРНИКОТ на Марио Ками. Филмовите ги добивме директно од Шпанската кинотека како дел од нашата соработка. Оттогаш, на големо задоволство на публиката, со помош на Амбасадата на Кралството Шпанија во Скопје, речиси секоја година прикажуваме циклус шпански филмови. Последните неколку години тоа го правиме во дополнителна соработка со Скопје филм фестивал и нивното „ретро" издание.

Се надевам дека публиката повторно ќе ужива во филмовите на големите шпански режисери и ќе ги продлабочи своите познавања на шпанска душа и уметност. Ќе уживаме во музиката на Енрико Моренте и во музиката на подвижните слики на Виктор Ерис, Базилио Мартин Патино, Исиар Болин, Марио Камус и неизбежниот Луис Гарсија Берланга.

***Владимир Ангелов,***
*директор,*
*Кинотека на Република*
*Северна Македонија*

---

Шпанската кинематографија ја отсликува и помага да се разбере историјата на нашата земја, но во исто време претставува и отворен прозорец кон светот со разновиден пејзаж во кој смислата за хумор, критиката на обичаите и разновидноста на жанровите доминираат со посебен реализам и поетски отпечаток со огромен интензитет. Историските подеми и падови останаа рефлектирани во својата тематика, во кои историјата на нашето кино има свое патешествие: преминот од немо во звучно кино во 20-тите години на минатиот век до филмовите за Граѓанската војна, поминувајќи во меѓувреме во златната ера на шпанскиот филм и дефинитивно, меѓународното признание постигнато во последните децении. Децении во кои Шпанија се издвојува како една од земјите во светот што доживеа побрза општествена промена, а со тоа и нови гласови и погледи, и форми на изразување, накратко, се приклучија кон богатата традиција на нашата кинематографија со формирање на портрет што ја става нашата филмска индустрија меѓу првите во Европа.

Амбасадата на Шпанија во Скопје ја има честа да соработува повеќе од десет години со Кинотеката на Македонија, една од најпрестижните културни институции во земјата. Кон својата работа како чувар на визуелната меморија на оваа земја, се приклучува и соработката со дипломатските претставништва преку националните филмски недели и други настани, кои овозможуваат нашата, шпанска кинематографија да се приближи до јавноста.

Во 12-те години соработка меѓу Амбасадата на Шпанија во Скопје и Кинотеката на Македонија, беа прикажани десетици филмови на некои од најрепрезентативните шпански филмаџии: од класиците на нашата кинематографија како џиновската фигура на Буњуел, Бардем, Берланга или Саура до бројните современи креации од крајот на дваесеттиот век, па до ден денес. Големиот успех што отсекогаш го имаа овие проекции нè принудува да се заблагодариме, не само на Владимир Ангелов за неговата прекрасна работа како директор, туку и на целата јавност на оваа земја за нивниот искрен интерес за нашата кинематографија.

Самиот директор на Кинотеката Владимир Ангелов своевремено го истакна интересот што го буди нашата кинематографија, осврнувајќи се на сплетот на жанровите што ја карактеризираат. Тоа е многу точна опсервација која ја дефинира шпанската кинематографија како простор во кој „комплементарните крајности се нераскинлив дел од шпанското интелектуално и уметничко ткиво". Комплементарни или контрадикторни, овие крајности и мешавина на жанрови го изразуваат богатството што го покажува нашето кино како дел од сложеноста и различноста на нашата земја, а кој знае, можеби и на нашиот карактер. Или можеби не само нашиот карактер, туку и на човечката природа. Тоа го објаснува одличниот прием на нашите филмови кај македонската публика. Оваа Амбасада има цврста намера да продолжи да прави сè за да продолжи дијалогот меѓу нашите народи преку тој заеднички јазик.

*Амбасада на Шпанија во Скопје*

Стојан Синадинов
# ИСТОРИЈАТА ПОМЕЃУ СВЕТЛИНИТЕ И СЕНКИТЕ

Еден бауч од крајот на 30-тите па се до средината на 70-тите години од минатиот век кружеше над Шпанија четири децении. Тоа е баучот на франкизмот, диктатурата на генералот Франциско Франко.

Историјата одамна го кажа својот суд за режимот што беше воспоставен во Шпанија по Граѓанската војна 1936-1939 година, водена помеѓу шпанската републиканска влада и нејзините левичарски поддржувачи од една страна, и војската и десната опција предводени од Франко од другата страна. Филмовите, пак - како и литературата, сликарството, поезијата, театарот - се тие кои постојано ја превреднуваат моралната димензија на тоталитарно општество што ја изолираше земјата. Тоа, можеби, ја поштеди Шпанија од кланицата во Втората светска војна, но ѝ дон есе четиридецениски затвор, чии невидливи решетки уште долго фрлаа сенки врз шпанското општество.

Но, филмовите од НЕДЕЛАТА НА ШПАНСКИОТ ФИЛМ не мирисаат на „нафталинот" на историјата. Напротив, тие се „натопени" во животот на јунаците од маргините на тоталитарното општество.

Во изборот на седумте филмови на НЕДЕЛАТА НА ШПАНСКИ ФИЛМ, која веќе е традиционална на програмата на Кинотеката, доминираат семејните теми прекршени низ призмата на социјалните и општествено-политичките прилики. Или, поедноставено, што се случува со „малите" луѓе кога ќе бидат врамени во големата историска слика.

Првиот наслов од НЕДЕЛАТА НА ШПАНСКИ ФИЛМ, документарниот филм ОМЕГА (Omega) на Хервасио Иглесиас, Жозе Санчез-Монтес (Gervasio Iglesias, José Sánchez-Montes), можеби не спаѓа во таа голема рамка, но неизбежна е носталгијата во која е „натопена" атмосферата на сторијата. ОМЕГА ја спојува поезијата на Леонард Коен и Федерико Гарсија Лорка со гласот на на легендата на Енрике Моренте - музичарот кој му даде нова димензија на фламенкото - а сето тоа испреплетено со панк-рок музиката на шпанскиот бенд Лагартија Ник.

Филмот ДУХОТ НА ПЧЕЛНАТА КОШНИЦА (El espíritu de la colmena / The Spirit of the Beehive) на Виктор Ерис (Víctor Erice) во хрониките на шпанската кинематографија е закитен со епитетот „врвно остварување". Критичарите ја истакнуваат експресивната фотографија на Луис Квадрадо (Luis Cuadrado) - која е резултат на суптилна варијација на светло и сенки - композиција на кадарот и автентичните локации, актерските креации и суптилната алегорија на диктаторскиот режим на Франциско Франко, што на филмот му ја донела наградата за најдобро остварување на Филмскиот фестивал во Сан Себастијан.

И ДЕВЕТ ПИСМА ЗА БЕРТА (Nueve cartas a Berta / Nine Letters to Bertha), дебитантски филм на Базилио Мартин Патино (Basilio Martín Patino), спаѓа меѓу најзначајните наслови на новата шпанска кинематографија. Филмот победи на фестивалот во Сан Себастијан во 1966 и ја освои наградата на шпанските филмски критичари во 1967. ДЕВЕТ ПИСМА ЗА БЕРТА се занимава со тоа проклето „наследство", прикажувајќи го поинаквиот хоризонт од Шпанија која е под диктатурата на Франко.

Луис Гарсија Берланга (Luis García Berlanga) сигурно е клучната фигура на современата шпанска кинематографија, на оваа НЕДЕЛА НА ШПАНСКИ ФИЛМ застапен со два наслова, НАЦИОНАЛНО НАСЛЕДСТВО (Patrimonio Nacional / National Heritage) и РАКЕТАТА ОД КАЛАБУЧ (Calabuch / The Rocket From Calabuch). И двата наслови на Берланга се суптилна вивисекција на четириесетгодишната диктатура на Франциско Франко, па делата на некогашниот директор на Шпанската национална филмотека (од крајот на седумдесеттите до почетокот на осумдесеттите години на 20. век) се вистински бисери на шпанската кинематографија.

НЕДЕЛАТА НА ШПАНСКИ ФИЛМ во Кинотеката ги содржи и социјалната драма НЕВИНИТЕ СВЕТЦИ (Los Santos Inocentes / The Holy Innocents) на Марио Камус (Mario Camus), и филмското „женско писмо" насловено МАТАХАРИС (Mataharis) на Исиар Бојаин (Icíar Bollaín).

Бојаин е позната и популарна актерка во шпанската кинематографија, практично „дете" на Виктор Ерис - дебитирала како 16-годишна актерка во неговиот втор значаен филм, ЈУГОТ (El sur) – и последнава декада е една од водечките авторки. МАТАХАРИС освои десеттина национални награди на шпанските филмски фестивалите, продолжувајќи ја низата на успесите на нејзините претходни авторски филмови

НЕВИНИТЕ СВЕТЦИ, пак, е значаен наслов од почетокот на кариерата на Марио Камус, кој започнал како косценарист во филмовите на легендарниот Карлос Саура (Carlos Saura), а подоцна ниже успеси: со ПЧЕЛАРНИК (La colmena, 1982) ја освојува „Златната мечка" на Берлиналето 1983, а со НЕВИНИТЕ СВЕТЦИ специјалната награда на жирито во Кан 1984. НЕВИНИТЕ СВЕТЦИ беше прилика за актерите Алфредо Ланда и Франциско Рабал да ја грабнат и да ја поделат „Златната палма" за најдобар актер таа година.



## ОМЕГА
## (Omega)

Документарен филм, Шпанија
2016, 80 мин., колор, блуреј
**Возрасна категорија: 12 години**
**Режија:** Хервасио Иглесиас, Жозе Санчез-Монтес (Gervasio Iglesias, José Sánchez-Montes)
**Сценарио:** Хервасио Иглесиас, Жозе Санчез-Монтес (Gervasio Iglesias, José Sánchez-Montes)
**Учествуваат:** Антонио Ариас, Леонард Коен, Лаура Гарсија Лорка, Алберто Манзано, Енрике Моренте (Antonio Arias, Leonard Cohen, Laura García Lorca, Alberto Manzano, Enrique Morente)

Што ќе се случи кога ќе се спојат поезијата на Леонард Коен и Федерико Гарсија Лорка со огнениот ритам на фламенкото?
ОМЕГА е музички документарец за еден албум, но не било каков албум, туку албум со песни во кои се испреплетени панк-рок музиката шпанскиот бенд Лагартија Ник, стиховите и музиката на Леонард Коен (1934 - 2016), стиховите на Г. Г. Лорка (1899 - 1936), трагичниот поет и јунак на Шпанската граѓанска војна, со гласот на легендата на фламенкото Енрике Моренте (1942 - 2010). Коен и Лорка се двајцата лиричари чија поезија го одбележаа дваесеттиот век, а Моренте е музичарот кој му даде нова димензија на фламенкото. Филмот го следи создавањето на култниот албум ОМЕГА и животот на иновативниот фламенко пејач Енрике Моренте, неговите размислувања за музиката и фламенкото и поезијата и шпанската култура. Сето тоа е реализирано преку документарни снимки и искажувања на неговите блиски и соработниците.



## ДУХОТ НА ПЧЕЛНАТА КОШНИЦА
## (El espíritu de la colmena / The Spirit of the Beehive)

Игран филм, Шпанија
1973, 98 мин., колор, блуреј
**Возрасна категорија: 12 години**
**Режија:** Виктор Ерис (Víctor Erice)
**Сценарио:** Анхел Фернандез Сантос Виктор Ерис (Ángel Fernández Santos, Víctor Erice)
**Улоги:** Фернандо Фернан Гомез, Тереза Химпера, Ана Торент (Fernando Fernán Gómez, Teresa Gimpera, Ana Torrent)

Дејствието на филмот се случува во Шпанија во 1940 година, кога во едно мало село во областа Кастилја на северозападот на земјата пристигнува патувачко кино. Сестрите Изабел и Ана го гледаат црно-белиот филм ФРАНКЕНШТАЈН (“Frankenstein” ) од 1931 г. на Џејмс Вејл (James Whale) и под импресии од филмот решаваат самите да го најдат чудовиштето во реалноста.
Таткото Фернандо, научник, со сопругата Тереза и ќерките Ана и Изабел се доселил во селото за време на Граѓанската војна (1936 - 1939).

Фернандо времето го минува главно во слушање радио и проучување на пчелите, а Тереза му пишува писма на непознат маж во Франција. Кога сред таа селска успиеност девојчињата ќе го видат филмот за Франкенштајн со Борис Карлоф (Boris Karloff) во главната улога, и кога во шталата ќе пронајдат млад војник што дезертирал и се крие во селото, Ана ќе се спријатели со него верувајќи дека тој е духот на чудовиштето од филмот. Кога, пак, ќе тргне во потрага по него, ќе се изгуби во шумата: помошта ќе стигне од духот на Франкенштајновото чудовиште...

Во филмот на Ерис, Шпанија е земја штотуку излезена од Граѓанската војна, изолирана од Европа, но и со прекината комуникацијата внатре во општеството. Ерис употребува малку дијалог, но на уметнички начин, низ драматичното осветлување, панорамските снимки и затемнувањата на сцените ја коментира политичката ситуација во Шпанија по војната. Карактерот на Франкенштајн симболично ја претставува таа временска историска рамка на Шпанија. Интересна и трагична е судбината на кинематограферот Луис Квадрадо (Luis Cuadrado) додека го снимал овој филм. Тој полека го губел видот, но неговиот асистент му ги носел поларoид снимките од сцените кои Квадрадо ги насочувал кон светлото и ги гледал со помош на лупа. Седум години подоцна, во 1980 година, откако потполно ослепел, а туморот во мозокот му предизвикувал неподносливи болки, Квадрадо извршил самоубиство.

ДУХОТ НА ПЧЕЛНАТА КОШНИЦА во 1973 година е дебитантски игран филм на Ерис (1940), кој освои дузина награди на европските филмски фестивали (Сан Себастијан), а беше победник и на фестивалот во Чикаго (САД). Со подоцнежните филмови ЈУГОТ (El sur, 1983) и ЦВЕТОТ НА ДУЊАТА (El sol del membrillo, 1992) Ерис се наметна како водечки автор во шпанската кинематографија. Заради лиричноста во неговите филмови споредуван е со Драјер (Dreyer), Бресон (Bresson), Тарковски (Tarkovsky) и Киаростами (Kiarostami)...



## ДЕВЕТ ПИСМА ЗА БЕРТА (Nueve cartas a Berta / Nine Letters to Bertha)

Игран филм, Шпанија
1966, 90 мин., црно-бел, ДВД
**Возрасна категорија: 12 години**
**Режија:** Базилио Мартин Патино (Basilio Martín Patino)
**Сценарио:** Базилио Мартин Патино (Basilio Martín Patino)
**Улоги:** Емилио Гутиерез Каба, Мари Карилјо, Елза Баеза (Emilio Gutiérrez Caba, Mary Carrillo, Elsa Baeza)

Лоренцо е млад човек, студент од Саламанка (Шпанија), кој штотуку се вратил од Англија, каде се вљубил во Берта, девојка чии родители се шпански емигранти. Берта никогаш не ја видела Шпанија и Лоренцо се обидува преку прекрасни писма да ѝ го приближи светот во кој живееле нејзините родители.

Лоренцо за време на престојот во Англија запознал друг начин на живот, други луѓе, друг хоризонт од Шпанија која е под диктатурата на Франко. Кога се враќа дома и повторно се

вклучува во секојдневната рутина и традиционалната атмосфера на неговото семејство, неговите пријатели и неговата девојка, чувствува дека здодевноста на неговиот мал град го убива. Филмот е поделен на девет дела, секој од нив раскажан преку нарацијата на писмата испратени до Берта. Поголемиот дел е базиран на слики и плени со својата забавеност, егзистенцијализмот и катарзата на главниот лик, толкуван од големиот Емилио Гутиерез Каба. Лоренцо на крајот сепак помислува дека ништо сè уште не е завршено, и дека сè може да се смени...

ДЕВЕТ ПИСМА ЗА БЕРТА е дебитантски филм на Патино и критичарите веднаш го прогласија за еден од најзначајните наслови на новата шпанска кинематографија. Филмот победи на фестивалот во Сан Себастијан во 1966 и ја освои наградата на шпанските филмски критичари во 1967.



## НАЦИОНАЛНО НАСЛЕДСТВО (Patrimonio Nacional / National Heritage)

Игран филм, Шпанија
1981, 112 мин., колор, ДВД
**Возрасна категорија: 12 години**
**Режија:** Луис Гарсија Берланга (Luis García Berlanga)
**Сценарио:** Луис Гарсија Берланга, Рафаел Азкона (Luis García Berlanga, Rafael Azcona)
**Улоги:** Луис Сигес, Луис Ескобар, Мари Санпере, Аугустин Гонзалес, Хозе Луис Лопез Васкез (Luis Ciges, Luis Escobar, Mary Santpere, Agustín González, José Luis López Vázquez)

НАЦИОНАЛНО НАСЛЕДСТВО е втор дел од филмската сага за семејството Легинече (Leguineche), на која и претходи НАЦИОНАЛЕН ЛОВ (La escopeta nacional / The National Shotgun, 1978), а третиот дел е насловен НАЦИОНАЛ 3 (National III).

По смртта на диктаторот Франциско Франко (1975) и обновувањето на монархијата, грофот од Легинече се враќа во својата палата во Мадрид. По триесет години доброволен егзил во неговата фарма во Лос Техадилос, тој има намера да дојде до кралот за да го сумира животот од минатото. Сепак, не е толку лесно да се пристапи до кралското семејство...

Аристократското семејство Легинече, нема добар рејтинг на дворот бидејќи ја нема важноста што неговите членови

си ја придаваат. Грофот, всушност, е банкротиран, но ги користи сите можни врски да позајми пари за да го одржува „угледот“ што посакува да го има во новата држава, демократската монархија Шпанија.
НАЦИОНАЛНО НАСЛЕДСТВО се смета за можеби најдобриот филм на Луис Гарсија Берланга, во кој доминира внимателно дозираниот хумор и „лесен“ наративен стил. За тоа заслуга има актерската екипа, во прв ред грофовскиот пар Мери Санпере и Луис Ескобар, нивниот верен слуга Луис Сигес, и останатите...
Филмот на Берланга беше во официјалната конкуренција на Канскиот фестивал 1981 година и шпански претставник за наградата „Оскар“. Берланга (1921 – 2010) дебитираше како режисер со сатиричната драма ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ ГОСПОДИНЕ МАРШАЛ (Bienvenido, Mr. Marshall, 1952), кој го видовме на Неделата на шпански филм пред три години. Во сличен сатиричен стил продолжи и со неговата комерцијално успешна трилогијата за семејството Легинече во постфранкистична Шпанија. Берланга на крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите години на минатиот век беше на чело на шпанската Кинотека и беше првиот претседател на шпанската Академија на филмски науки и уметности (Academia de las Artes y Ciencias Cinematográficas de España / Spanish Academy of Arts and Cinemato-graphic Sciences).



## РАКЕТАТА ОД КАЛАБУЧ (Calabuch / The Rocket From Calabuch)

Игран филм , Шпанија / Италија
1956, 93 мин., црно-бел, блуреј
**Возрасна категорија: 12 години**
**Режија:** Луис Гарсија Берланга (Luis García Berlanga)
**Сценарио:** Леонардо Мартин, Флорентино Сорија, Енио Флајано, Луис Гарсија Берланга (Leonardo Martín, Florentino Soria, Ennio Flaiano, Luis García Berlanga)
**Улоги:** Едмунд Гвен, Валентина Кортезе, Хуан Калво, Франко Фабрици, Феликс Фернандез (Edmund Gwenn, Valentina Cortese, Juan Calvo, Franco Fabrizi, Félix Fernández)

Уште еден класичен црно-бел филм на Берланга од почетокот на неговата кариера. Кога угледниот нуклеарен физичар Хамилтон (Гвен) ќе исчезне, неговите колеги од Институтот и јавноста ќе се вознемират, бидејќи професорот знае важни воени тајни. Но, зад мистеријата на неговото исчезнување се крие само едноставната желба на Хамилтон да побегне од сè, згаден од сознанието дека неговата научна работа се користи за изработка на нуклеарно оружје.
Хамилтон е на малото рибарско острово Калабуч, со помалку од 1.000 жители: таму е толку мирно и спокојно што и локалната полиција носи древна римска облека, а како оружје користи

копја. Бидејќи Хамилтон скита низ островот (без документи), полицијата ќе го приведе, но на рајскиот остров и затворот е како хотел, бидејќи затворениците преку ден можат слободно да се движат, со ветување дека навечер ќе се вратат во ќелиите. Професорот набргу ќе се спријатели со мештаните, и дознава дека на Калабуч ќе се одржи натпревар во огномет: би сакал да учествува бидејќи има големи познавања во таа област, но не би сакал да го привлече несаканото внимание...
РАКЕТАТА ОД КАЛАБУЧ е сатирична комедија, духовита и иронична слика на Шпанија и светот по Втората светска војна (обичните ракети во филмот се алузија на вистинското нуклеарно оружје и забревтувањето на Студената блоковска војна) низ илустрациите на менталитетот на едно мало место, на трагата на првенецот на Берланга, ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ ГОСПОДИНЕ МАРШАЛ. РАКЕТАТА ОД КАЛАБУЧ е полн со ексцентрични и „луди“ карактери, предводени од британско-американскиот актер Едмунд Гвен (1877 - 1959), „оскаровец“ со улогата во ЧУДОТО ОД 34-ТА УЛИЦА (Miracle on 34th Street, 1947) на Крис Крингл (Kris Kringle). Гвен е единствен актер што добил „оскар“ за улога на Дедо Мраз и бил еден од омилените актери на славниот англиски писател Џорџ Бернард Шо (George Bernard Shaw) и режисерот Алфред Хичкок (Alfred Hitchcock).
Филмот на Берланга беше награден во Венеција во 1956, како и со неколку национални филмски награди во Шпанија.



## МАТАХАРИС
## (Mataharis)

Игран филм, Шпанија
2007, 100 мин., колор, ДВД
**Возрасна категорија: 12 години**
**Режија:** Исиар Бојаин (Icíar Bollaín)
**Сценарио:** Исиар Бојаин,
Татјана Родригез
(Icíar Bollaín, Tatiana Rodríguez)
**Улоги:** Наџва Нимри, Мариа Васкез, Нуриа Гонзалес, Диего Мартин
(Najwa Nimri), María Vázquez,
Nuria González, Diego Martín)

Сторијата на МАТАХАРИС следи три приватни детективки кои се посветени професионалци и успешни во нивната професија. За разлика од работата, во приватниот живот многу потешко ги решаваат проблемите...
Ева (Нимри) само што се вратила на работа од породилното отсуство, па мора да ги менаџира професионалните и приватните обврски како млада мајка, а згора на тоа се сомнева дека маж ѝ крие некоја голема тајна. Инес (Васкез) ќе се инфилтрира меѓу вработените во една мултинационална компанија, па истрагата ќе ја соочи со тешка лична и етичка одлука. Кармен (Гонзалес) ќе набљудува како се распаѓа туѓ брак, ни малку свесна за распаѓањето на сопствениот...
Исиар Бојаин во светот на филмот влезе во 1983 година како 16-годишна актерка во филмот ЈУГОТ (El sur) на Виктор Ерис (Víctor Erice). Во средината на деведесеттите години

започнува да режира: МАТАХАРИС освои десеттина национални шпански награди на фестивалите, здруженијата на филмските професионалци и филмските критичари, повторувајќи ги успесите на нејзините претходни авторски филмови.



## НЕВИНИТЕ СВЕТЦИ (Los Santos Inocentes / The Holy Innocents)

Игран филм, Шпанија
1984, 107 мин., колор/црно-бел, блуреј
**Возрасна категорија: 12 години**
**Режија:** Марио Камус (Mario Camus)
**Сценарио:** Антонио Ларета, Маноло Матји, Марио Камус (Antonio Larreta, Manolo Matji, Mario Camus)
**Улоги:** Алфредо Ланда, Тереле Павез, Франциско Рабал, Белен Бајестерос, Хуан Санчез, Сузана Санчез (Alfredo Landa, Terele Pávez, Francisco Rabal, Belén Ballesteros, Juan Sanchez, Susana Sánchez )

Сторијата се случува во внатрешноста на Шпанија, во шеесеттите години од минатиот век. Пако и Регула се сиромашен брачен пар што работи на фармата на богатата грофица и нејзиното семејство. Имаат три деца: едното од девојчињата е ретардирано, а две деца, наместо да посетуваат училиште, мораат напорно да работат на фармата бидејќи земјопоседникот е безмилосен. Братот на Регула, Азариас, го минува времето негувајќи птици...

Марио Камус (1935 - 2021) филмската кариера ја започнал како соработник на сценаријата на Карлос Саура (Carlos Saura), а на почетокот на шеесеттите години започнува да режира филмови со изразена социјана критика. Негови најпознати филмови се ПЧЕЛАРНИК (La colmena, 1982), со кој ја освојува „Златната мечка“ на Берлиналето 1983, и НЕВИНИТЕ СВЕТЦИ, кој ја освои специјалната награда на жирито во Кан 1984, а актерите од НЕВИНИТЕ СВЕТЦИ, Алфредо Ланда и Франциско Рабал ја поделија „Златната палма“ за најдобар актер. НЕВИНИТЕ СВЕТЦИ освои уште неколку национални награди во Шпанија, меѓу кои и таа на филмските критичари.

Издавач: Скопје филм фестивал

Кинотека на Република Северна Македонија
ул. Никола Русински бр. 1,
Скопје п.фах: 16, Скопје
тел.: + 389 2 307 1814
+ 389 2 3065 968
факс: + 389 2 307 1813
e-mail: kinoteka@ukim.edu.mk
web.: kinoteka.mk

За издавачот:
Татјана Јаневска
Реализација:
Александра Младеновиќ
Тихомир Кашмицовски
Миле Миленковски
Виолета Петрушевска
Бојан Станишиќ
Стојан Синадинов
Александар Трајковски
Соња Неделковска
Александар Василевски
Лидија Христова
Лектура: Крстевски Ѓорѓи
Дизајн: Апостол Тноковски
Печати:

Телефон за информации: + 389 2 307 1814
Телефон за резервации: + 389 2 3065 968

Влез слободен.

## РАСПОРЕД НА ПРИКАЖУВАЊЕ

10.11.2021 20:00 ч. среда
11.11.2021 18:00 ч. четврток

**ОМЕГА (Omega)**
Документарен филм, Шпанија, 2016, 80 мин., колор, блурej
Режија: Хервасио Иглесиас, Жозе Санчез-Монтес (Gervasio Iglesias, José Sánchez-Montes)

11.11.2021 20:00 ч. четврток
12.11.2021 18:00 ч. петок

**ДУХОТ НА ПЧЕЛНАТА КОШНИЦА (El espíritu de la colmena / The Spirit of the Beehive)**
Игран филм, Шпанија, 1973, 98 мин., колор, блурej
Режија: Виктор Ерис (Víctor Erice)

12.11.2021 20:00 ч. петок
13.11.2021 18:00 ч. сабота

**ДЕВЕТ ПИСМА ЗА БЕРТА (Nueve cartas a Berta / Nine Letters to Bertha)**
Игран филм, Шпанија, 1966, 90 мин., црно-бел, ДВД
Режија: Базилио Мартин Патино (Basilio Martín Patino)

13.11.2021 20:00 ч. сабота
15.11.2021 18:00 ч. понеделник

**НАЦИОНАЛНО НАСЛЕДСТВО (Patrimonio Nacional / National Heritage)**
Игран филм, Шпанија, 1981, 112 мин., колор, ДВД
Режија: Луис Гарсија Берланга (Luis García Berlanga)

15.11.2021 20:00 ч. понеделник
16.11.2021 18:00 ч. вторник

**РАКЕТАТА ОД КАЛАБУЧ (Calabuch / The Rocket From Calabuch)**
Игран филм , Шпанија / Италија, 1956, 93 мин., црно-бел, блурej
Режија: Луис Гарсија Берланга (Luis García Berlanga)

16.11.2021 20:00 ч. вторник
17.11.2021 18:00 ч. среда

**МАТАХАРИС (Mataharis)**
Игран филм, Шпанија, 2007, 100 мин., колор, ДВД
Режија: Исиар Бојаин (Icíar Bollaín)

17.11.2021 20:00 ч. среда
18.11.2021 20:00 ч. четврток

**НЕВИНИТЕ СВЕТЦИ  (Los Santos Inocentes / The Holy Innocents)**
Игран филм, Шпанија, 1984, 107 мин., колор/црно-бел, блурej
Режија: Марио Камус (Mario Camus)

СКОПЈЕ
ФИЛМ
ФЕСТИВАЛ

EMBAJADA
DE ESPAÑA
EN SKOPJE

cooperación
española

EUROPA CINEMAS
CREATIVE EUROPE - MEDIA SUB-PROGRAMME

КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA